# Општина Кочани

*Раде Кратовче бр 1 * 2300 Кочани * Македонија*
*тел. +389(0)33/274-001 • факс . +389(0)33/273-542*
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**бр. 05-2210/3/2017**

за

***Доделување на договор за јавна набавка на услуга***
согласно чл.17 ст.1 алинеја 2 и став 3 од Законот за јавните набавки

***Предмет на договор за јавна набавка:***
***Набавка на услуга за организација на зимување***
***на СРЦ Пониква***

***Категорија на услуги бр. 17***
од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги
("Службен весник на Република Македонија" бр. 157 / 07)

***Подготвил:***
***Виш соработник за спроведување на***
***постапка за јавни набавки***

______________________________
***( Силвана Благонова)***

***Претседател на Комисијата за јавни набавки:***
***Раководител на одделение за локален економски развој***

______________________________
***( Сашо Стоименов )***

**Кочани, декември, 2017**

## Инструкции за понудувачите

**1. Договорен орган**

**1.1.** Договорен орган **е Општина Кочани**, со седиште на адреса: ул."Раде Кратовче" бр.1 Кочани, телефон за контакт 033-274-001, факс 033-273-542,

**1.2.** Лице за контакт за спроведување на постапката за доделување на договорот за јавна набавка:
Силвана Благонова – *Лице за јавни набавки*
електронска адреса : sblagonova@kocani.gov.mk,
моб.тел.072-275-637.

**1.3.** Лице за контакт за техничката спецификација:
*Ристо Николовски –Виш соработник за прекугранична соработка*
електронска адреса: *rnikolovski@kocani.gov.mk*
моб.тел.072-275-640.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

За потребите на Општина Кочани, а со цел промоција за можностите што ги нуди општина Кочани за искористување на природните потенцијали за развој на туризмот, се спроведува постапка согласно член 17 ст. 1 алинеја 2 и ст.3 од Законот за јавни набавки, со предмет на договорот за јавна набавка :

***Набавка на услуга за организација на зимување***
***на СРЦ Пониква***

**3. Начин, рок и место на извршување на услугата**

**3.1.** Носителот на набавката е должен услугата да ја изврши во согласност со описот и целите во техничката спецификација , дадена во прилог на оваа тендерска документација.

Заради специфичноста на услугата, понудувачот со понудата задолжително треба да достави **потврда за резервација во сместувачките капацитети (хотел, мотел, одморалиште...), расположиви на *СРЦ Пониква на Осоговските Планини,* на начин утврден во техничката спецификација.**

Доколку понудувачот ја измени организацијата за реализација на друг начин од утврдениот во техничката спецификација, првичната понуда ќе биде оценета како неприфатлива во смисла на чл.3 ст.1 точка 24 од Законот за јавните набавки и понудата нема да биде предмет на евалуација во понатамошната постапка.

**3.2.** Место и начин на вршење на услугата: Сместувачки капацитети на база полн пансион на ***СРЦ Пониква на Осоговските Планини.***

**3.3.** Рок за извршување на услугата:

- ***пристигнување на ден 11.01.2018 год.***
- ***заминување на ден 18.01. 2018 год.***

**4. Цена на понудата**

**4.1.** Економскиот оператор во образецот на понудата ја внесува вкупната цена на понудата без ДДВ на начин даден во истиот.

**4.2.** Понудената вкупна цена на понудата треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор и да биде искажана без данок на додадена .

**4.3.** Вкупната цена на понудата се пишува со бројки и букви. *(Доколку понудата е поднесена од странски економски оператор, цената на понудата покрај со бројки, се пишува и со букви на англиски јазик.)*

**4.4.** Ако вредноста на понудата е невообичаено ниска и во голема мера не е во согласност со проценетата вредност на набавката, договорниот орган од економскиот оператор ќе побара писмено објаснување за причините за таквата цена на понудата. Ако економскиот оператор не успее да објасни на писмено, кои се причините за таквата цена во рок од 5 /пет/ дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

**Напомена:** Цените да бидат пишувани директно во Образец на понудата, изготвен од Договорниот орган, кој се презема директно од ЕСЈН, составен дел на тендерската документација **и не се дозволени никакви алтернативни понуди или обрасци на понуда.**

Доколку цените се дадени на друг начин од претходно опишаниот, првичната понуда ќе биде оценета како неприфатлива во смисла на чл.3 ст.1 точка 24 од Законот за јавните набавки и понудувачот нема да биде учесник на електронската аукција.

***/овој критериум се бодира /***

**5. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**6. Извор на средства, начин и рок на плаќање**

Одобрениот буџет за оваа активност во рамките на Буџетот на Општина Кочани за 2018 год. Програма G10-ставка 420, **изнесува 90.000,00 ден.**

Плаќањето за реализација на зимувањето ќе се врши на следниот начин:
Целосна исплата на договорената вредност со Носителот на набавката, по реализација на сите предвидени активности согласно техничката спецификација и доставување на фактура.

Договорниот орган на Носителот на набавката ќе му ја исплати фактурирана вредност, најдоцна во рок од 60 ( шеесет ) дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

**7. Договорна казна**

Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган определен паричен износ (договорна казна), ако:

- не ја исполни својата обврска или

-задоцни со нејзиното исполнување или неуредно ја исполни.

Во случај на доцнење со извршување на услугите предмет на Договорот, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна изнесува 1 % (процент) од вкупната вредност на овој Договор за секој ден задоцнување, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 10 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка. Договорната казна се пресметува додека Носителот на набавката не ги изврши услугите, односно обврските предмет на Договорот.

Кога Носителот на набавката доцни со исполнување на предметот на Договорот, потребно е Договорниот орган веднаш по приемот на исполнувањето на обврските да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна.

Договорниот орган не може да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

Договорната казна изнесува 20 % (проценти) од вкупната вредност на Договорот за јавна набавка, во случај на неисполнување на обврската на Носителот на набавката.

Во случај на неисполнување на обврската, Договорниот орган може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Договорниот орган го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со исполнувањето на обврската или неуредното исполнување, може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

Договорниот орган има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**8. Право на учество**

**8.1.** Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

**8.2.** Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.
**8.3.** Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.
**8.4.** Економските оператори можат да се здружат и да формираат група на економски оператори со цел заедно да поднесат групна понуда без да се поврзат во законска правна форма.

**8.4.1 Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда** со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка , а кој особено ги содржи следните податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата , односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган ;
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка ;
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе ја обезбеди гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција ;
- членот на групата кој ќе ја издаде фактурата/ситуацијата и сметка на која ќе се вршат плаќањата ;
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот .

**8.4.2** Членовите на групата економски оператори одговараат поединечно и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

**8.4.3** Член во групата економски оператори не може да се повлече од групата економски оператори до склучување на договорот за јавна набавка доколку :

- е носител на групата економски оператори,
- ја обезбедува гаранцијата на понудата во форма на банкарска гаранција ,
- групата економски оператори не може да го докаже исполнувањето на критериумите за утврдување на способност што се барале во постапката без тој член или
- другите членови од групата солидарно не ги преземат обврските на членот од групата кој сака да се повлече од групата економски оператори.

**8.4.4** Повлекувањето на член од групата економски оператори спротивно на условите од т. 8.4.3 се смета за повлекување на групната понуда .

**Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење на професионалната дејност.**

**Напомена:** *Во моментот на поднесување на групна понуда, носителот на групата треба да биде регистриран на Електронскиот систем за јавни набавки. Во случај некој од членовите на групата да не е регистриран на ЕСЈН, понудата не треба да се отфрли како неприфатлива. Доколку е потребно да се издаде негативна референца на групата понудувачи а некој од членовите на групата не е регистриран на ЕСЈН, договорниот орган ќе ја објави негативната референца за сите членови на групата, при што нерегистрираните претходно ќе ги регистрира на ЕСЈН врз основа на доставените податоци од понудата.*

**8.5.** Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

**8.6.** Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.
**8.7.** Доколку економската и финансиската состојба, односно техничката или професионалната способност е поддржана од друг субјект, понудувачот е должен поддршката да ја докаже со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните финансиски средства, односно соодветните технички или професионални ресурси (член 151 и член 154 од законот)
**8.8.** Понудувачот може да ангажира подизведувачи. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.
**8.9.** Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

.

**<u>9. Критериум за утврдување на способност на понудувачите</u>**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

<u>**9.1.** Лична состојба</u>

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај ;
- понудувачот да не е во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност и

- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност

Понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

*/овој критериум не се бодира /*

**9.2.** Способност за вршење на професионална дејност

- Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран .

*/овој критериум не се бодира/)*

## 10. Начин на докажување на способноста на понудувачот

**10.1.** За докажување на личната состојба , понудувачот , со понудата, треба да ги достави следните документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 /пет/ години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари ;
*оригинал-потпишана и заверена ододговорното/овластеното лице кај понудувачот;*
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда од Регистарот на физички и правни лица дека не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда од Регистарот на физички и правни лица дека не му е изречена прекршочна санкција – привремена забрана за вршење одделна дејност ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;;*
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност ;
*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*

**10.2.** За докажување на способноста за вршење професионална дејност, понудувачот, со понудата, треба да ги достави следните документи***:***

**- документ за регистрирана дејност** – Потврда за регистрирана дејност – не постар од 6 / шест / месеци – сметано наназад од денот утврден за јавното отворање на понудите /

*оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*

**10.3.** При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на економскиот оператор и при евалуација на понудата, комисијата задолжително бара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност во рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите.
Бараното објаснување економскиот оператор го доставува во писмена форма во рокот кој го определил договорниот орган, а кој не смее да е покус од три работни дена, од денот на приемот на барањето од страна на понудувачот.

**10.4.** Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.
Ако економски оператори поднесат групна понуда, економската и финансиската состојба, како и техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови во групата.

## 11. Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација

### 11.1 Појаснување на тендерската документација

**11.1.1.** Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма, најдоцна 3 / три / дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
**11.1.2.** Појаснувањето, Договорниот орган ќе го достави до сите економски оператори што подигнале тендерска документација, без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.
**11.1.3.** Појаснувањето, договорниот орган ќе го достави преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) преку модулот „Одговор на прашања во хартиена форма“, при што откако ќе се објави одговорот, за истиот ќе биде доставена нотификација до сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

### 11.2 Изменување и дополнување на тендерската документација

**11.2.1.** Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3/три/ дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.
**11.2.2.** Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 / шест / дена.
**11.2.3.** Во случај на измена и дополнување на тендерската документација објавена на ЕСЈН како и продолжување на крајниот рок, договорниот орган е должен да ја објави направената измена преку ЕСЈН, по што сите економски оператори што презеле тендерска документација до моментот на измената ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена за конкретниот оглас.

## 12. Изготвување и поднесување на понудите

### 12.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“ . Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува и заверува одговорното лице на понудувачот или лице овластено од него. *Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.*

**Сите страници на понудата**, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира /округол печат и потпис / лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

Во спротивно понудата од Комисијата за јавни набавки ќе биде отфрлена поради формални недостатоци и нема да биде евалуирана во понатамошна постапка

**<u>12.2. Изјава за сериозност на понудата</u>**

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

**<u>12.3. Изјава за независна понуда</u>**

Во прилог на понудата, понудувачот доставува потпишана изјава за независно поднесување на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.

Изјавата за независна понуда ја потпишува одговорното лице и ниедно друго лице.

**<u>12.4. Елементи на понудата</u>**

**Поднесената првична понуда на денот утврден за јавно отворање на понудите** , треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- **Образец на понуда** (Прилог 1) - **оригинал**, преземен од ЕСЈН со тендерската документација

*( потпишан од одговорното лице и заверен од понудувачот);*

***<u>Напомена:</u>*** Како составен дел на Понудата, да се достави и **потврдата за резервација на сместувачки капацитет расположив на *СРЦ Пониква на Осоговските Планини*, на начин утврден во техничката спецификација.**

*(оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал )“;*

- Пополнет **образец на изјава за сериозност** на понудата (Прилог 2) - **оригинал**, преземена од ЕСЈН со тендерската документација ;

*( потпишана **од одговорното /овластеното лице** и заверена од понудувачот ) ;*

- Пополнет **образец на изјава за независна понуда** ( Прилог 3) - **оригинал**, преземен од ЕСЈН со тендерската документација ;

*( потпишан од одговорното лице и заверена од понудувачот) ;*

- Документи за утврдување на личната состојба и способноста за вршење на професионалната дејност, утврдени во точка 10 од оваа тендерска документација;

*(оригинал или копија потпишана и заверена од понудувачот со назнака „ Верно на оригинал “;*

**12.5. Јазик на понудата**

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик.

**12.6. Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата ќе изнесува **60 / шеесет** / дена сметано од денот на јавното отворање на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**12.7. Затворање на понудата**

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку сите пликоа не се запечатени и обележани како што се бара, Договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

**12.8. Принцип на една понуда**

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи.

Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**12.9. Краен рок за поднесување на понудите**

Краен рок за поднесување на понудата е: **20.12.2017 година до 12:00 часот.** Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на ден: **20.12.2017 година во 12:00 часот.**

**13. Критериум за доделување на договорот**

Критериум за избор на најповолна понуда и доделување на договорот за јавна набавка е :

- најниска цена **100 бода**

**14. Доделување на договорот за јавна набавка**

14.1. Договорниот орган, договорот му го доделува на економскиот оператор чија прифатлива понуда има најниска цена.

14.2 Доколку две или повеќе прифатливи понуди имаат иста цена , за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв (хронолошки според датата и часот на приемот) ја доставил понудата во архивата на договорниот орган.

14.3 Во случај да е поднесена само една прифатлива понуда, договорниот орган, договорот му го доделува на единствениот економскиот оператор .

**15. Известување на понудувачите**
Сите понудувачи кои учествувале во постапката за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот за јавна набавка, а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката.

**16. Правна заштита**
Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

**17. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**
17.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

***Набавка на услуга за организација на зимување на СРЦ Пониква***

**Опис**

Врз основа на соработката со град Крижевци од Р.Хрватска во делот на образованието се организира зимување и летување на ученици од основните и средни училишта во двете општини во различни периоди во годината.

Имено, Општина Кочани и град Крижевци веќе трета година организираат летување и зимување на ученици првенци на генерациите од овие две општини. На учениците првенци на генерацијата од нашата општина во летниот период им се организира летување во детското одмаралиште на град Крижевци во остров Паг, Р.Хрватска на сметка на град Крижевци, додека Општина Кочани во зимскиот период организира зимување во Спортско Рекреативниот Центар Пониква во Кочани на учениците од град Крижевци.

Целта на оваа соработка освен за размена на знаења и запознавање помеѓу себе со традициите и културите помеѓу учениците е и промоција на Спортско Рекреативниот Центар Пониква да прерасне во зимски центар во Источниот дел од нашата држава, а секако и за зголемување на посетителите од соседните држави. Со ова правиме промоција за можностите што ги нуди општина Кочани за искористуивање на природните потенцијали што ги нуди општината за развој на туризмот.

Согласно горенаведеното, општина Кочани има потреба од спроведување јавна набавка за сместување на ученици од град Крижевци на **Спортско рекреативниот центар Пониква на Осоговските планини** за 7 ноќевања за период на пристигнување од 11.01.2018 и заминување на 18.01 2018 година, за вкупно 11 лица, со вклучен полн пансион.
Потребно е да се обезбеди сместување на 3 (три) возрасни лица и 8 (осум) ученици.
Сместувањето е потребно да биде во 1 соба за еден возрасен, 1 двокреветна соба за 2 возрасни и 3 соби за сместување на 8 ученици.
Превозот е во сопствена организација на гостите и не е предмет на конкретната јавна набавка.

Дата: пристигнување на ден 11.01.2018 година и заминување на ден 18.01 2018 година
Број на гости : 3 (три) возрасни лица и 8 (осум) ученици
Услуга: сместување на база полн пансион

**Логистичка подршка од Општина Кочани**

- Постојана комуникација и координација со општината за поддршка во организацијата;
- Организација на логистиката, сместување и храна;
- Поддршка при приемот и регистрација на учесниците и давање на потребни информации на учесниците во врска со престојниот одмор;
- Подготовка/дизајн на промотивни материјали и распределба на промотивните материјали меѓу учесниците;
- Фотодокументирање на настанот за целото времетраење;
- обезбедување на придружба, која ќе се грижи за организациските и логистички аспекти за безбедно пристигнување од Кочани до СРЦ Пониква, и враќање назад, на гостите од Р Хрватска;

Спецификатор,
Ристо Николовски

*[меморандум на понудувачот]*

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број **05-2210/4/2017** објавен од страна на **Општина Кочани на ЕСЈН во дел - Други огласи**, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за:

***Набавка на услуга за организација на зимување на СРЦ Пониква***

***Категорија на услуги бр. 17***

од Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги (“Службен весник на Република Македонија” бр. 157 / 07) со спроведување на постапка согласно чл.17 ст.1 алинеја 2 и став 3 од Законот за јавните набавки, со објавување на оглас на ЕСЈН, без електронска аукција и на тендерската документација која ја преземавме од ЕСЈН , ја поднесуваме следнава:
:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ___________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ________________________________________________
- Телефон: _______________________________________________
- Факс: _________________________________________________
- Е-пошта: _______________________________________________
- Лице за контакт: ________________________________________

I.3. Одговорно лице: __________________________________________

I.4. Даночен број: _____________________________________________

I.5. ЕМБС: ___________________________________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме услугите согласно техничката спецификација, составен дел на тендерската документација.

II.2. Детален приказ на вкупната цена  на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, е даден во листата на цени опишани подолу:

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Опис на услугата** | **Вкупна цена во МКД без ДДВ** |
| 1 | Сите услуги опишани во техничката спецификација | |

II.3. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

_______________________________________________________ *[со бројки]*

__________________________________________________________________ *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува _________________ денари.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.
II.5. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.
II.6. Го прифаќаме начинот на извршување на услугите утврден во тендерската документација .
II.7. Го прифаќаме рокот за реализација на услугата, утврден во техничката спецификација.
II.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничките спецификации .

Место и датум
_____________________

Одговорно/овластено лице
________________________
(потпис и печат)

**Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице (со прилог овластување)*

**Прилог 2 – Изјава за сериозност на понудата**

Јас, долупотпишаниот ________________________________________________ [име и презиме на одговорното лице на понудувачот /или на овластеното лице од понудувачот со прилог Овластување], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата поднесена од __________________________________________________ (име на правното лице) за предмет на набавка:

***Набавка на услуга за организација на зимување***
***на СРЦ Пониква***

по Оглас бр. 05-2210/4/2017 и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка ја давам оваа изјава.

Место и датум

_________________________

Овластено/одговорно лице

_________________________

(потпис и печат)

**Образецот на изјавата за сериозност на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице (со прилог овластување)*

**Прилог 3 – Изјава за  независна понуда**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот *_____________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот _____________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуги за:

***Набавка на услуга за организација на зимување***
***на СРЦ  Пониква***

ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.

Истовремено, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на *понудата за постапката* бр. 05-2210/4/2017 не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　Одговорно лице

________________　　　　　　　　　　___________________

(потпис)*

**Образецот на изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице.*